# Годишен финансиски извештај за 2023

Во 2023 година, буџетот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација кој се води како програма 20, согласно Буџетскиот циркулар за 2023 година е проектиран со вкупна вредност од 49.107.131,00 денари, од кои од страна на Министерството за финансии при креирањето на Буџетот за 2023 година на програмата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се проектирани само 21.626.000,00 денари.

Со цел поефикасно извршување на програмата за работа на Комисијата, реализирање на стратешките приоритети и активности предвидени за 2023 година, како и овозможување на непречено функционирање на Стручната служба, се наметна потреба од одредени пренамени, и тоа на ставките предвидени за купување на мебел (+200.000) и за надоместоци (+37.800), за сметка на кои се одземени средства од ставките за договорни услуги и за комунални услуги (-100.000).

Поради зголемени непредвидливи трошоци на ставките за основни плати и надоместоци, Комисијата достави барање за зголемување на истите со ребалансот на буџетот за 2023 година, со што во буџетот на Комисијата се додадени вкупно 2.650.00,00 денари, со што вкупниот буџет на Комисијата во 2023 година изнесувал 24.276.000 денари.

Во третиот квартал на 2023 година, од страна на Министерството за финансии е побарано намалување на одредени средства за кои до крајот на годината Комисијата нема можности да ги искристи, како резултат на што е извршено намалување од вкупен износ 898.976,00 денари.

Пред истекот на годината, од страна на Министерството за финансии е доставено дополнително барање за отстапување на дел од средствата, за кои се претпоставува дека нема да бидат искористени, па Комисијата заради економичното и ефикасно искористување на доделените средства, преостанатите средства со износ од 314.530,00 денари ги отстапи на Министерството за финансии.

Оттука, вкупниот буџет со кој Комисијата располагала во текот на 2023 година (зголемен со ребалнсот на буџетот и намален со вратените средства од наведените ставки) изнесувал 23,063,000,00 денари.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Во продолжение табеларен преглед на доделените, планираните и потрошените средства по ставки, вклучувајќи и процент на реализација во текот на 2023 година:

| Опис на деловите на буџетот | Број на ставка | Буџет | План | Потрошени средства | % на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| Основни плати | 401 | 13.003.000 | 12.690.759 | 12.685.671 | 97,56% |
| Придонеси за социјално осигурување | 402 | 5.067.000 | 4.927.494 | 4.925.257 | 97,20% |
| Надоместоци | 404 | 187.446 | 187.446 | 187.446 | 100% |
| Патни и дневни расходи | 420 | 760.000 | 760.000 | 520.613 | 68,50% |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 421 | 1.300.000 | 1.175.000 | 1.031.474 | 79,34% |
| Материјали и ситен инвентар | 423 | 279.000 | 279.000 | 251.327 | 90,08% |
| Поправки и тековно одржување | 424 | 419.530 | 419.530 | 132.655 | 31,62% |
| Договорни услуги | 425 | 760.000 | 760.000 | 670.191 | 88,18% |
| Други тековни расходи | 426 | 575.000 | 575.000 | 540.455 | 93,99% |
| Купување на опрема и машини | 480 | 514.000 | 514.000 | 373.133 | 72,59% |
| Купување на мебел | 483 | 126.024 | 126.024 | 126.024 | 100% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вложувања и нефинансиски средства | 485 | 72.000 | 72.000 | 70.800 | 98,33% |
| ВКУПНО | | **23.063.000** | **22.486.253** | **21.515.046** | **93,29 %** |

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk